Cre8ive8 Youth Media Production

www.cre8ive8.org

12.08.2011


***Здружение на граѓанни:***
***Младинска медиумска продукција-***
***Криејтив Ејт***

Ул. Моцартова бр.70, 1000 Скопје
www.cre8ive8.org | cre8ive8@gmail.com


**ДО: Медиуми**

**Соопштение до јавност по повод Меѓународниот ден на млади, 12 август.**

Почитувани

По повод **12ти август, Меѓународниот ден на младите**, **КриејтивЕјт** Младинската медиумска продукција, ја користи приликата на сите млади во Македонија да им го честа овој ден.

Покрај сите позитивни честитки, за жал, на овој ден би сакале да го изразиме и нашето жалење за моменталната ситуација со младите во Македонија. Жалиме заради **недоволната информираност на младите за Европските младински програми, како и програмите за мобилност**. Со ова сакаме да упатиме апел за што побрзо решавање на спорот со Националната Агенција за Мобилност и Европски образовни програми. Сметаме дека овој спор многу негативно влијаеше врз младите во Македонија и нивната мобилност, како и во нивната професионална надградба. Како причина на овој спор, младинските организации од Македонија може да користат само три од многуте европски програми.

Би сакале и да дадеме поддршка кон законодавниот орган во врска со предлог Законот за млади и да го повикаме истиот внимателно да се разгледа и адаптира на младинските потреби. Сметаме дека во процесот на изработка на овој закон **задолжително** треба да се консултираат младинските организации и да се земат во предвид нивните препораки, затоа што вака предложениот закон според нас ќе биде од старт уште едно правно фијаско.

Со ова соопштение изразуваме уште едно **жалење**, а тоа е **за случајот Мартин Нешковски**, и ги повикуваме органите на транспаретнен начин да го решат случајот, а младите да не престанат гласно, јавно и масовно да ги застапуваат своите ставови и гледишта, и да не дозволат овој случај да се исполитизиран.

Во името на тимот на КриејтивЕјт

*Ристе Змејкоски*
Извршен директор


M:078 367 101 E: riste@cre8ive8.org, info@cre8ive8.org,